Почитувани сограѓани, драги битолчани,

Уште на самиот почеток на моето обраќање сакам искрено и од се’ срце да Ви се заблагодарам за Вашиот придонес во создавањето на оваа изборна програма, во која е опфатен севкупниот локален развој на општина Битола 2013-2017 година и која со задоволство можам да ја наречам, наша заедничка.

Свесни за значењето на Вашето учество во агендата за европска Битола, пред скоро половина година започнавме со реализација на проектот „Отвори Врата за Иднината“ чија цел беше внимателно прибирање на сите Ваши предлози, идеи и сугестии како и преточување на истите во оваа наша програма за нашата Битола.

Посетивме скоро 20.000 домови и на наше задоволство имавме прилика да разговараме со околу 32.000 наши сограѓани со кои ги споделивме сознанијата за актуелните проблеми што се дел од нашето секојдневие.

Имавме можност да ги чуеме спомените за стара Битола, за еснафска и конзулска Битола, за градот кој претставувал гордост за цела Македонија.

За жал денес Битола е град со уништена економија, висока сиромаштија и изумрена градска чаршија, место од каде младите интензивно се иселуваат, а криминалот е во пораст, општина во долгови и високо задолжени институции, основни и средни училишта во кои учениците се смрзнуваат, уништен спорт и руинирани спортски објекти, туризам во колапс, сообраќаен хаос и недостаток на паркинг простор, загрозена животна средина.

Кога денес се говори за Битола, гласот трепери, а срцето тагува, очите не веруваат.

Токму затоа, драги битолчани – Време е!

Време е заеднички да се избориме за нашата Иднина и на нашите поколенија да им оставиме општина во која вреди да се твори и живее, да се основа семејство и да се старее.

Токму таа визија, со Ваша помош е претставена во оваа изборна програма, каде имате можност да ги проследите решенијата, мерките и проектите со кои Битола ќе биде поубаво место за живеење.

Во програмата се опфатени условите за брз локален економски развој што претставува столб за пристоен живот на граѓаните, решенијата за модерни сообраќајници и булевари, за градежни зафати на улици и објекти на кои ќе се работи ефикасно, а нивната реализација наместо со месеци ќе се мери во недели;

Предвидени се мерки што ќе озможат општината да е партнер на малите и средни фирми кои се резервоар за вработувања. Создадени се принципи за ефикасна јавна администрација и решенија за осветлувањето и градските постојки, урбаните детски катчиња, мостовите и парковите, хигиената, градските клупи и чешми.

Се предвидува Битола да биде место во кое отпадот наместо проблем ќе претставува ресурс, а справувањето со истиот вистински предизвик. Општина каде основното и средното образование наместо со милионски долгови ќе работи со развојни проекти. Град во кој спортистите и спортските објекти ќе го добијат заслуженото внимание и ресурси, а туризмот значаен поттик.

Е во таква општина вреди да се живее и за таква општина вреди да се бориме!

И ќе се избориме, и заеднички ќе започнеме неуморно да ја градиме нашата Битола за нашата иднина!

Иднината сега! Време е!

Искрено Ваш,

Менде Диневски

# ВОВЕД

Актуелното време, економската и политичката состојба во Република Македонија, ја карактеризираат мноштво проблеми кои во основа имаат карактер на отворени и недоволно јасни позиции, на поголем број, граѓански, невладини, синдикални, стопански и политички субјекти во нашата држава.

Во овој контекст ги нагласуваме само оние кои имаат директно влијание во локалната самоуправа.

- Политичка нестабилност и изразена чуствителност по неколку важни прашања од корпусот на демократијата во Р Македонија.
- Опструкција за влегување во ЕУ и НАТО.
- Проблематизирање на државноста, јазикот, идентитетот и историските корени.
- Неефикасна, недоследна и крајно селективна борба против корупцијата.
- Институционална, партизирана и дисфункционална сложеност во донесувањето на одлуки и решенија, по многу суптилни, пред се егзистенционални прашања.
- Значителен пад на животниот стандард.
- Зголемена стапка на сиромаштија, посебно изразена надвор од градот Скопје.
- Значителен пад на странски и домашни инвестиции, видливи преку огромната невработеност.
- Бесперспективност на младите стручни кадри и нивниот масовен одлив од Р Македонија.
- Политичка, економска и социјална нестабилност.

Ваквата слика, мора да ни даде импулс за промена и изнаоѓање на најдобри решенија.

Авангардност и мобилизација на широките народни маси, подигнување на свеста, јакнење на меѓународналните односи, градење на модерен и функционален патриотизам, градење на волја и доверба во сопствените капацитети и можности како држава, но исто така, силна верба во индивидуата и социјалдемократијата како вредносен систем, препознатлив во сегашноста и посакуван за иднината на нашите граѓани.

Изразените настојувања, мора да дадат резултати кои перманентно ќе го подобруваат материјалниот и севкупниот живот на граѓаните на Р Македонија.

Ваквиот приод е гаранција за перспективата на идните генерации да можат да создаваат, за себе и својата татковина.

Секоја локална заедница има свои специфичности. Примената на полицентризам во економскиот развој ќе ја подобри социјалната, образовната, здравствената и демографската слика на Р Македонија.

Битола нема да биде само град на минатото.

Битола дефинитивно ќе стане перспективен град и убаво место за живеење за сите наши сограѓани, град на знаење, култура, економски и образовен центар, град со развиен спорт и зимско летен туризам на Пелистер.

# ПОЛИТИЧКИ ПОСТУЛАТИ

Програмата за овие локални избори треба да обезбеди промена на досегашните политики во нашиот град. Со неа да ја изразиме нашата цврста подготвеност, да се бориме и избориме за промена:

- Неправдата да ја замениме со правда, правичност, вистина и достоинство за сите наши граѓани, без разлика на нивната вера, националност, политичка припадност и пол.
- Сиромаштијата и невработеноста да ја замениме со отворање на нови работни места, да водиме достоинствена и сеопфатна социјална политика за субстандардните услови во домот, со шанса за сопствени живеалишта.
- Некомпетентноста, непрофесионалноста и аматеризмот со вистинско образование, знаење и професионализам.
- Политичката и партиската сегрегација со единство, слога и љубов кон сопствениот град.

Ваквата локална политика треба да резултира со процеси кои ќе се движат во позитивна насока во сите области на општественото живеење , тенденции кои ќе продуцираат материјални и духовни вредности и среќни граѓани.

Сигурни сме во освојувањето и на централната власт, која заедно со европската интеграција, ќе обезбеди синергија на сите сили заедно, а со тоа да го подобруваме животот во нашиот град од сите негови аспекти.

Наведените заложби претставуваат основна база за промена на досегашната крајно лоша политика на власта. Тие заложби ќе овозможат задоволувачка нагорна линија на животот и отпочнување на позитивни процеси во нашата Битола.

Ваквите политики ќе ги дизајнираме, креираме и оствариме во следните сегменти од локалниот живот:

- Локален економски развој и вработување;

- Животната средина и одржливост во развојот;
- Електронски ефикасна локална самоуправа;
- Културно- историското наследство;
- Зимско-летен, рурален, здравствен и научен туризам;
- Спорт, млади, образование, кадровски потенцијал

Како крајна цел на ваквите активности е обезбедување на убаво место за живот и среќни битолчани.

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ВРАБОТУВАЊЕ

ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ВРАБОТУВАЊЕТО претставуваат вистински предизвик за идната локална власт. Ваквата тенденција не смее да биде параван зад кој ќе се отвараат само нови работни места во кој ќе се заработува само за да се преживее. Напротив.

Економски развој кој ќе овозможи достоинствена заработувачка за сите квалификации, плата која ќе ги задоволи потребите за нормален живот.

Во еден ваков амбиент на рекордна невработеност, работничката авангарда во Европа и светот, својата шанса ја темелат на правата на граѓаните, олицетворена и потврдена кај широките народни маси и социјалните движења.

Свесни за ваквата одговорност, обединети во една единствена идеја за правда и рамноправност, за солидарност и еднаквост, излегуваме со ПРОГРАМА на овие локални избори,  која по својата структура е амбициозна, но во исто време е реална и остварлива.

Со развојот на инфраструктурата во нашиот град и амбиенталната дизајнираност, ќе го поттикнуваме развојот на занаетчиството, малото стопанство, самостојната уметност, приватното здравство, училишта за јазици и вештини, спорт и култура, како и се она што е индивидуално и општествено корисно, а сепак е значајно за Битола, како град со свои историски и актуелни атрибути.

Генералниот и деталните урбанистички планови мора да создаваат претпоставки за сериозни капитални, услужни, образовни, здравствени, стопански и производствени активности и реални инвестиции.

Во овој контекст ја нагласуваме рамноправноста на домашните и странските инвеститори.

## ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ мора да претставува збир на сите сегменти од животот на граѓаните на Битола.

Водоснабдувањето, чистиот амбиентален воздух, комуналниот, индустрискиот, медицинскиот и другиот отпад, отпадните фекални и други видови загадени води, мора да бидат строго контролирани.

Технолошката преработка на сите видови отпад  е наша стратешка задача. Ваквата преработка ќе овозможи еколошка, економска и социјална импликација. Нема загадување, отпадот ќе се плаќа и ќе се отвораат нови работни места.

Еколошката едукација, односот према селото, земјоделието и производството на храна, Националниот Парк Пелистер, заштитата на природните богатства, флората и фауната, автохтониот дивеч, планското користење на природните богатсва, се наша перманентна задача.

Знаењето кое го имаме и искуството кое го црпиме од сестринската соработка на партиите со социјалдемократска опција од другите земји, ќе бидат ефектуирани и со отворање нови работни места, особено неквалификувана работна сила.

Посебно инсистираме на правилата за надоместок на еколошка штета, која ја прават големите загадувачи. Овде ќе го примениме принципот загадувачот плаќа, а добиените финансиски средства ќе ги насочиме во еколошки проекти кои пак ќе продуцираат нови работни места.

## ЕЛЕКТРОНСКИ ЕФИКАСНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ЕЛЕКТРОНСКИ ЕФИКАСНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА подразбира намалување на можноста за корупција, остварување на правата на граѓаните за административни работи од надлежност на локалната самоуправа, подеднаква шанса за сите наши граѓани и заштита на човековите права и слободи, јакнење на правата од сферата на социјалната заштита, достапност до информациите, транспарентност на работата на локалната администрација, увид во работата, активностите и мерките кои ги превзема градоначалникот, неговиот кабинет и советот на општина Битола, повисок

степен на учество на граѓаните, невладиниот сектор, научните и високообразовните институции, стручната јавност, се со цел, креирање на сеопфатни и плодотворни локални политики. Суштинско е значењето и учеството на идната опозиција во креирањето на решенија за градот, преку електронски транспарентна и ефикасна локална власт.

## КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

КУЛТУРНО – ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО е значајна карактеристика на Битола. Нашиот град е исклучително богат со објекти, институции и вредности кои допринесуваат во препознатливоста на Битола на светската мапа на историски градови. Фолклорот и традицијата го надополнуваат богатиот археолошки колорит со кој се гордееме.Нашата заложба во овој сегмент е јасна. Културно историското наследство од овие простори, пронајдените артефакти, ископаните реликти кои го потврдуваат старовековното постоење, испреплетено со најразлични цивилизации и култури, мора да останат и да зборуваат за Битола. Не се согласуваме истите да се дислоцираат во владините институции и во Скопје како административен и политички центар на Р Македонија.

## ЗИМСКО-ЛЕТЕН, РУРАЛЕН, МЕДИЦИНСКИ И НАУЧЕН ТУРИЗАМ

ЗИМСКО-ЛЕТЕН, РУРАЛЕН, МЕДИЦИНСКИ И НАУЧЕН ТУРИЗАМ претставува компаративна предност на Битола, каде може да се креираат нови локални, национални, цивилизациски и материјални вредности.

Четири деценискoто постоење на универзитетот ,, Св. Климент Охридски,, претставува одлична база за медицински и научен туризам и дополнителни материјални приходи, но исто така и одлична база за развој на Битола.

Таквите потенцијали, нивната динамика и нивното материјализирање, знаеме и можеме, пред се да го подигниме на ниво на создавање на нови економски вредности. Овде препознаваме заработувачка за локалната заедница, малиот бизнис, занаетчиството и населението во подпелистерските села. Ваквиот стратешки правец,  со кој ќе се обезбеди поголема локална динамика, преку обезбедување на автентични форми и производи, национална храна, амбиентален престој во домашни услови, убави природни места, археолошки локалитети,  ќе преставуваат новина за посетителите.

Развојот на скијачките центри на Пелистер е нашата реалност и предност во изнаоѓање на форми на јавно –приватно партнерство.

Отворање на постојани и сезонски работни места за нас е дополнителен императив.

## СПОРТ, МЛАДИ, ОБРАЗОВАНИЕ, КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Претставуваат стратешки правец во спроведувањето на локалната политика, доколку правилно се постави, организира и соодветно се ефектуира. Нашата ПРОГРАМА за овие избори е посветена на овие начелни вредности, кои претставуваат база во спроведувањето на основните граѓански вредности. Стипендирањето, поттикнувањето на самовработувањето и на почетниот бизнис, правилно и вистинито информирање, планирано стручно образование, промоција на образовни профили кои обезбедуваат работа во корелација со потребите на стопанството, претставуваат одлична база за успех.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

Цивилна средина без партиски предзнак;

Зголемување на инвентивноста, од сите нејзини аспекти и во сите сегменти на локалното живеење;

- Сеопфатна локална поддршка за младите;
- Зголемено знаење и активност во унапредувањето на животната средина;
- Енергетска ефикасност;
- Мултикултурализам.

# ПРИОРИТЕТИ

- Гасификација на Битола;
- Отпочнување на постапка за донесување на Генерален урбанистички план;
- Изградба на современ затворен градски пазар;
- Изградба на повеќенаменска сала за спортски, културни и музички настани;
- Реконструкција на градскиот стадион под Тумбе Кафе;
- Изградба на 3 нови булевари;
- Изедначување на условите за домашните и странските инвеститори во постојните индустриски зони;
- Регулација на течението, реконструкција и изградба на мостови на реката Драгор;
- Реконструкција на железничката пруга Битола – граничен премин Меџитлија;
- Обезбедување на дополнителни 2000 паркинг места;
- Сукцесивно намалување на цената на водата;
- Проект 40 – обезбедување нови општински станови преку ЈПП;
- Проект - стимулации за примена на елементи од градската архитектура;
- Отворање на општински центар за развој на мали бизниси и бизнис едукација;
- Развој на туризмот во подпелистерските села и изработка на проект за летен рекреативен центар;
- Европска Битола - современа инфраструктура, модерна урбана опрема, е-Битола, ефикасна администрација.

# ИНФРАСТРУКТУРА

## ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И МОСТОВИ

Изминатите 8 години бевме сведоци на многу импровизации и недовршени проекти од страна на власта. Влезот во Битола од страната кон Прилеп се сведе на маратонска изградба (цели 3 години) на само 1км од вкупно 2,7-те до влезот на градот. На излезот кон Охрид се изградија само 700м без најави за продолжување на проектот. Единствени во Европа добивме „брза“ транзитна улица (ул.Железничка) со две кривини под 90 степени спротивно на ГУП и ДУП. Заклучокот е очигледен, досегашната локална власт за 200 милиони евра успеа да изгради “дури” 3 кружни текови и да отвори безброј дилеми за транспарентното трошење на средствата на граѓаните.

***За Битола да заличи на урбана метропола ние ќе ги реализираме следните проекти:***

- Изградба на 3 нови булевари;
- Реконструкција на железничката пруга Битола – граничен премин Меџитлија;
- Целосна реконструкција на ул. „Индустриска“ согласно со постојните критериуми за транзитна улица;
- Изградба на булеварот „Владимир Назор“ (Горно Оризари) до влезот во Битола согласно со ГУП;
- Реконструкција на влезот во Битола од западна страна до автосалонот Шкода (нас. Довлеџик);
- Проширување на патниот правец Кравари – бензинска пумпа Макпетрол;
- Пробивање на патна комуникација меѓу Брусничка населба и Ремо, односно поврзување на улиците „Видое Смилевски Бато“ и „Борис Кидриќ“;

- Реконструкција и проширување на мостот на река Братиндолка – влез во градот од страната на Ресен со обезбедување на соодветните сообраќајно-технички нормативи;
- Изведба на мост на река Драгор пред противпожарната станица. Истиот ќе овозможи нова врска помеѓу левиот и десниот брег на реката Драгор и решавање на проблемот со движењето на противпожарните возила;
- Санација на оштетениот мост на ул. „Индустриска" во близина на базата на ГП Гранит;
- Завршување на работите на новиот мост во реонот на „Црн мост";
- Инфраструктурно уредување на просторот на поранешната касарна преку изградба на следните улици и нивна интерполација со постојната градска инфраструктура согласно со развојната динамика:

  сервисни улици во АРМ 1, 2 и 3;

  поголемиот број на собирни улици во АРМ 1, 2 и 3;

  значителен број на станбени улици во АРМ 1, 2 и 3.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на комуналните ЈП, средства од пред пристапните европски фондови, приватно – јавно партнерство, буџет на РМ (средства за капитални инвестиции).

## ПРЕЧИСТУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Обврска на секоја градска власт е да обезбеди комплетна комунална инфраструктура за сите жители и стопански објекти на нејзината територија, а пред се канализација, подигање отпад,водовод и др.

Пречистувањето и одведувањето на отпадните води се едни од најгорливите проблеми на граѓаните кои бараат поголеми инвестиции и повеќе време за решавање, но затоа пак решенијата се долготрајни и претставуваат благодет за сите.

Капитални инвестиции од овој тип не се многу погодни за реклами и кампањи на кусогледа власт! Само сериозни луѓе со визија и чувство за потребите на идните генерации, може да решаваат проблеми од овој тип!

Предвидени активности и проекти:

- Заокружување на проектните активности и финансиската конструкција за доизградба на колекторскиот систем и изградба на пречистителна станица;
- Изградба на канализациони системи за индустриските зони над Довлеџик (со изградба на мини пречистителна станица), како и за мало стопанство - опфат Кравари;
- Изградба на сепариран канализационен систем на улиците каде што постојат условите за ваква активност;
- Систем на ободни канали:

    доизградба на западен ободен канал (над населбата Баир);

    комплетна изведба на источен ободен канал (од Баир, над Ушици, Стрелиште, Горно Оризари до Раштанска Река);

    изградба на ободен канал над Брусничко-Лавчански реон - 1 (под с.Брусник).

- Набавка на градежна механизација за потребите на ЈП Нискоградба со средства од општинскиот буџет. На овој начин ќе му се овозможи на ЈП Нискоградба да ја надмине моменталната неповолна финансиска состојба.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на комуналните ЈП, средства од пред пристапните европски фондови, буџет на РМ (средства за капитални инвестиции).

# ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ

Не е тајна дека современиот начин на живеење е незамислив без организирано водоснабдување , без постоење на современи системи кои овозможуваат пристап до чиста и здрава вода. Умешноста на локалната власт се огледува во нејзината способност да им ги испорача овие услуги на своите жители без притоа да посегне кон нивниот џеб. За жал токму тоа локалната власт го направи во сферата на водоснабдувањето, ја зголеми цената на водата за над 80%. Тоа е однесување на неодговорна власт со недоволен капацитет да ги исполни очекувањата на битолчани.

Ние  сме подготвени да ги решиме напластените проблеми нудејќи соодветни решенија:

- Сукцесивно намалување на цената на водата во 2015та и 2016та година;
- Изградба на главни доводи за селата (со регионалниот водовод предвидено е да се водоснабдуваат вкупно 32 рурални населби);
- Комплетно проектирање и изградба на 18 хлоринаторни станици на локалните водоводи во руралните средини со што сите жители на нашата општина би добиле бактериолошки исправна вода;
- Реконструкција на пумпната станица Довлеџик;
- Реконструкција на над 20км застарена водоводна мрежа и замена на дотраени АЗЦ (азбестцементни) и ПЦЦ (поцинкувани) цевки;
- Изградба на главен довод за населба Баир (презонирање);
- Изградба на резервоарски простор од 7000 м3 за ниска зона;
- Надградба на вградената хидромеханичка опрема и мерни инструменти (вградување на водомери со далечинско читање);
- Надградба на (SCADA) далечинско управување со водоводниот систем.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на

комунални објекти и инсталации), средства на ЈП Водовод, средства од пред пристапните европски фондови.

## ПАЗАРИ

Во нашата општина пазарите или функционираат со тешкотии или воопшто ги нема. ЈП Пазари сеуште ги нема имплементирано ХАСАП стандардите, концесионерот на реонскиот пазар во Нова Битола е заинтересиран само за својата заработувачка, а низа населби воопшто немаат пазар. За надминување на ваквите состојби предлагаме:

- Изградба на современ затворен градски пазар;
- Превземање на управувањето на реонскиот пазар во Нова Битола од страна на ЈП Пазари;
- Реконструкција и ревитализација на Сточниот пазар со можност дел од него да се пренамени во пазар на големо.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на ЈП Пазари, средства од пред пристапните европски фондови.

## УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Битолските улици навечер се во мрак, руралните средини скоро и да немаат улично осветлување, а често се случува светилките да работат и на пладне. Жителите на општина Битола сами инвестираат во инфраструктурата на уличното осветлување, додека локалната власт е незаинтересирана и неажурна. За надминување на овие состојби ќе ги реализираме следните активности:

- Реализација на проект за осовременување на уличното осветлување преку целосна замена на сите класични со еколошки и штедливи светилки, како и реконструкција на 50% од пропратната арматура. На овој начин би се

намалила емисијата на CO2 како и потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување;

- Имплементација на максимата: "Улично осветлување на секоја улица, до секој дом". Со ова, општината си презема обврска да се инсталира улично осветлување во секоја улица, во сите населени места;
- Реконструкција на постојниот систем за вклучување / исклучување на уличното осветлување со што би се постигнала поголема економичност и ефикасност на уличното осветлување.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства од пред пристапните европски фондови.

## СООБРАЌАЈ

Денес битолскиот сообраќај го карактеризираат: отежнат сообраќаен проток на лица и возила, недоволен паркинг простор во централното градско подрачје, нередовен и парцијален јавен градски патнички превоз и нерегулиран такси превоз. Власта не само што не успеа да ги поправи состојбите на ова поле, туку со својот неодговорен однос уште повеќе ги влоши. Токму затоа нашиот тим посебно внимание ќе му посвети на сите сегменти на сообраќајот во општина Битола.

## ПАРКИНЗИ

Власта ни го нуди концептот на "Зонско паркирање" преку концесионерство со приватна фирма, при што јасно дава на знаење дека безмилосно ќе го наплаќа секој квадратен метар, а притоа никој нема да им гарантира на жителите од зонираните подрачја дека за нивните возила секогаш ќе има паркинг место. Тоа нема да го дозволиме, но во исто време ќе го решиме проблемот со недостаток на паркинг места на следниот начин:

- Имплементирање на систем на еднонасочни сообраќајници во поширокото централно подрачје. На тој начин би се добиле дополнителни паркинг места;
- Изградбата на катни гаражи кои во голем дел би го решиле проблемот на недостаток на паркинг места во центарот на градот;
- Изградба на монтажни (времени) катни гаражи;
- Изготвување на програма што ќе ги обедини Сообраќајната студија за градот Битола, Програмата за уредување на градежно земјиште како и ДУП-овите и ќе овозможи решавање на проблемите со паркирањето ( катни гаражи , паркинзи , еднонасочен режим...).

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на комуналните ЈП, средства од пред пристапните европски фондови, јавно – приватно партнерство.

## ОСТАНАТИ ПРОЕКТИ

- Регулирање на такси превозот преку соодветен правилник до крајот на 2013та година;
- Изградба на кружни текови на раскрсниците ул.„Борис Кидриќ“ – ул.„Никола Тесла“ и ул.„Партизанска“-ул.„И.Л.Рибар“;
- Имплементирање на мерки за смирување на сообраќајот (намалување на брзината на возилата) во училишните зони и на улицата „Васко Карангелевски“;
- Изградба на велосипедски патеки долж улиците: „Партизанска“, „Иван Милутиновиќ“, „Прилепска“ и „Васко Карангелевски“ со што во голем дел ќе се овозможи формирање на континуирана велосипедска мрежа и дефинирање на приоритетите во сообраќајниот режим;
- Вкрстување на динамичкиот моторен сообраќај со пешачкиот (денивелирани пешачки премини - пешачки надвозници);

- Изградба и обновување на повеќе пешачки патеки, тротоари и премини  во сите урбани и рурални места во општина Битола;
- Изградба на пешачки надвозници над најфреквентните сообраќајници (ул.„Железничка“, кај ОУ „Коле Канински“);
- Преиспитување и дополнување  на постојната хоризонтална и вертикална сигнализација, со посебен акцент врз семафорските решенија;
- Обележување со патокази на одредени локации во градот, приградските населби и руралните населби.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на комуналните ЈП, средства од пред пристапните европски фондови.

# ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Пред 9 години ние како општинска власт отпочнавме постапка за регионално управување со отпадот. Со доаѓањето на оваа власт, таквата иницијатива ја отфрли и го згасна формираното меѓуопштинско претпријатие со што процесот на интегрално управување на отпадот во Пелагонискиот регион беше закочен, а старите депонии останаа како најголеми загадувачи на животната средина. Во нашата општина нема воспоставено одржлив систем за управување со комуналниот и посебните видови на отпад, што е уште еден показател за отсуството на визија и иницијатива на актуелната локална самоуправа. Во следниот период од четири години за успешно воспоставување на одржлив систем за управување со отпадот, ќе ги реализираме следните проекти:

- Во текот на 2013 година ќе се иницира формирање меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад, заради решавање на проблемот на (не)правилното постапување со комуналниот отпад на целата територија на Пелагонискиот регион;
- Реализација на набавка на 4 специјализирани возила за собирање и транспортирање на отпадот;
- Санирање на депонијата Мегленци;
- Определување на локација за депонирање на градежен шут;
- Проширување на услугата во останатите села кои припаѓаат на општина Битола;
- Воспоставување на систем за селективно собирање на отпад на целата територија на општина Битола, со набавка на дополнителен број на специјализирани садови за собирање на отпадот;

- Целосно покривање на градот Битола со унифицирани садови, пластични канти за собирање на отпадот (10.000 канти од 120 литри);
- Континуирана замена на сите дотраени контејнери од 1,1 м3 и дополнително распоредување на 400 специјализирани садови за селективно собирање на отпадна хартија и пластика;
- Изградба на еколошки дворови за собирање на посебни видови на отпад;
- Отпочнување на процес на компостирање на отпад;
- Воспоставување на систем за управување со посебни текови на отпад како што се градежен шут, отпадни масла, електричен и електронски отпад, отпадни акумулатори, батерии и медицински отпад.

## РЕКА ДРАГОР

- Регулација на течението, реконструкција и изградба на мостови на реката Драгор;
- Чистење на речното корито и изградба на каскади до ул.Индустриска;
- Реконструкција на ѕидовите на речното корито и изградба на камени огради;
- Комплетно партерно уредување  на левата страна на р.Драгор долж булеварот 1-ви Мај.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба, средства од пред пристапните европски фондови, јавно – приватно партнерство, буџет на РМ (средства за капитални инвестиции) .

# ИНВЕСТИЦИИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Економската и социјалната ситуација во нашата држава, не одбегнувајќи ја ниту општина Битола, јасно ги одредува врвните приоритети на кои главно се базира нашата локална политика. Локалниот економски развој, како заеднички императив, е столбот врз кој би се развивале и останатите сфери на социо-културното живеење.

Целокупниот економски развој во Општина Битола во наредниот период ќе биде насочен кон следните главни цели:

- Отпочнување на постапка за донесување на Генерален урбанистички план;
- Изработка на нови плански Документации во вид на ДУП:

Изработка и донесување на нов ДУП за Баир; Изработка и донесување на нов ДУП СЗ – 1; Изработка и донесување на нов ДУП СЗ – 2; Изработка и донесување на нов ДУП за СЗ 6 и 7; Изработка и донесување на нов ДУП СЗ 8; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Довлеџик,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП населба ,,Стрчин,,; Изработка и донесување на нов ДУП Центар ,,1,,; Изработка и донесување на нов ДУП Центар ,,2,,; Изработка и донесување на нов ДУП Центар ,,5,,; Изработка и донесување на нов ДУП Центар ,,1,,; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ Битолатекс 1 Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ Битолатекс 2 Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Гургур,, Битола кај Трафостаницата и Комуналец; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Гургур,, 2 Битола (кај Водовод); Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Жито Битола,, - Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Транскоп ПС,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Транскоп МС,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Боримечка 2,, Битола кај Македонија Стакло; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Сокотаб,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Кафтанџица 1,, кај индустриски Пат некогашен Монтинг – Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Кафтанџица 2,, кај индустриски Пат

некогашен Дистибутивен Јавор – Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за РЗ ,,Кафтанџица 3,, кај индустриски Пат (Ренова, Грнит и др.) - Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Горно Оризари 1,, Битола под Пат; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Горно Оризари 2,, Битола над Пат; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Долно Оризари,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Кравари,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Кукуречани,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Раштански Лозја,, Битола; Изработка и донесување на нов ДУП за ,,Буковски Ливади,, Битола.

Сите овие плански документации имаат околу 1.220 хектари

- Зачувување на постоечките работни места и отворање на нови;
- Интернационализација на Битолската економија;
- Развој на микро, малите и средни бизниси;
- Промовирање на претприемаштвото;
- Привлекување на странски инвестици;
- Едукација на Бизнис секторот.

Целокупната програма која им ја нудиме на граѓаните на Општина Битола е базирана врз основа на бројот на невработените официјално евидентирани од АПРМ, меѓутоа оставаме резерва дека вистинските податоци се далеку полоши од официјално објавените.

Имајќи го предвид сето тоа, многу јасно се диференцираат условите и поволностите кои идната локална власт има обврска да ги овозможи на сите двигатели на локалниот економски и севкупен развој, односно претставниците од јавниот, приватниот сектор (бизнисот) и граѓанскиот сектор, кои заедно го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните и креираат нови работни места.

Почитувани, претпримачи, занаетчии, директори на претпријатија од Битола, зачувувањето на постоечките работни места за мене лично како Градоначалник ќе биде приоритет број еден.

Од Вашите претпријатија се полни буџетот на Општината. Од даноците кои Вашите претпријатија ги плаќаат и од платите кои вработените ги трошат во општина

Битола. Вие сте за мене приоритетна категорија, затоа што сакам најпрво да ги зачуваме постоечките работни места, а секако да развиваме заедно и нови.

Како Градоначалник на Битола, сакам да потенцирам дека бизнисот мора да биде одделен од политиката, и така ќе се однесувам во целиот мој мандат.

Секое претпријатие, од мене лично и од тимот кој ќе го раководам, ќе биде третирано исто, без разлика на која политичка партија и припаѓа сопственикот или директорот, или дали сопствениците на претпријатието се домашни лица или домашни компании, или дали се странски лица или странски компании.

Првата работа која ќе ја направам како градоначалник на Битола, на оваа тема ќе биде:

- Лично, заедно со мојот тим, сакам да ги посетам 100-те најголеми претпријатија во Битола за да се консултирам со управителите и сопствениците - што е тоа што јас како градоначалник треба да го направам за тие да бидат поуспешни.
- Ќе се ангажираат вработени од општина Битола кои ќе ги посетат и сите останати претпријатија од Битола со единствено прашање: Што е тоа што треба општината да го направи за претпријатието да биде поуспешно?

Целта на овие првични активности е доусогласување на нашите економски политики со актуелните предизвици со кои се соочува нашиот бизнис сектор, врз основа на што ќе биде изготвена новата економско-социјална стратегија на општина Битола.

Секое претпријатие ќе има лице за контакт од општината. Тоа ќе биде негова врска со општина Битола, истото ќе му биде на располагање за евентуална помош.

На овој начин сакам да го промениме амбиентот во Општината. Бизнис секторот и Локалната власт мораат да бидат партнери во економскиот развој на Општина Битола.

## Мерки и решенија

За секое физичко или правно лице кое отпочнува нов бизнис или го проширува постојниот, општина Битола, врз основа на посебна програма, ќе им овозможи делумно или целосно ослободување од плаќање на комуналии, во зависност од дејноста и бројот на нововработените лица.

Ќе формираме општински Центар за развој на мали бизниси и бизнис едукација - во кој секој нов микро или мал бизнис ќе биде поддржан административно, просторно, финансиски и советодавно во првата година од отпочнувањето на бизнисот. За оваа цел ќе биде извршена пренамена на соодветен објект во општинска сопственост за адаптирање на истиот во Бизнис инкубатор, каде ќе бидат поддржани најдобрите 20 бизнис идеи во текот на една година.

Општина Битола ќе ја поддржува и Фондацијата Бизнис Стартап Центар Битола, која во овој момент е финансирана од USAID, а во последните 5 години има постигнато значајни резултати во поттикнувањето и развојот на претприемништвото во пелагонискиот регион.

Преку концептот на Јавно-приватно партнерство општина Битола ќе поддржува идеи кои вработуват најмалку 5 лица и се од интерес на граѓаните на општина Битола.

Ангажман за унапредување на прекуграничната соработка во рамките на Евро-регионот Битола-Кожани-Корча.

Активирање на објекти или стопански капацитети кои моментално не се ставени во функција, преку понуда на домашни и странски инвеститори на слободно користење, доколку истите бидат рестартирани и модернизирани во рок од 1 година, и каде ќе бидат вработени најмалку 5 лица на 200 m2.

Административни и комунални поволности за домашните компании кои за свои бизнис партнери привлекле компании или поединци кои во заедничкото работење вложуваат свеж капитал.

Изработка на проект за заживување на старите занаети, како предуслов за зголемување на туристичката понуда на градот и реализација на истиот, заедно со изградба на ефикасна продажна мрежа.

Подобрување на квалитетот на човечките ресурси и инкорпорирање на принципот на доживотно учење бидејки современите светски текови ја менуваат техничко-технолошката основа на работа.

Инфраструктурно уредување на индустриската зони на патот кон Пелистер, Долно Оризари и улица Индустриска.

Во рамките на Општината ќе биде отворена канцеларија во која ќе бидат вработени лица кои ќе имаат задача да ги следат сите проекти кои се однесуваат за претпријатијата од Битола со можност да аплицираат во ЕУ фондовите или за меѓугранична соработка. Секое претпријатие или НВО ќе може да се консултира и посоветува со оваа канцеларија за можностите за финансирање од ЕУ фондовите и за меѓуграничната соработка.

Проект за подигнување на нивото на иновативниот капацитет кај малите и средите претпријатија. Претпријатијата ќе може да конкурираат за иновациони ваучери до 5000 евра. Со тие средства ќе може да финансираат иновативен проект во сколоп на своето претпријатие, во форма на истражување, консултантски услуги, нов производ, или сл.

Изработка на стратешки план за развој на Општина Битола 2013 – 2017 год. (ЛЕР, туризам, земјоделство, култура, животна средина, образование и др.).

Изработка и имплементација на стратегија за привлекување на инвеститори во Општина Битола 2013 – 2017 год.

Поттикнување на порастот на локалното стопанство преку воспоставување на локална мрежа на институции и агенции за поддршка на малите и на средните претпријатија и поддршка на претприемништвото (со посебен акцент на женското претприемништво и самохраните родители).

Финансиска поддршка за формирање на кластери меѓу различните компании со иста и слична дејност и создавање на можности за заеднички настап на странски пазари.

Организирање на бизнис форуми меѓу стопанствениците од општината и стопанствениците од други земји.

Изградба на Технолошки парк - Економија базирана на знаење. Со цел да го поддржиме воведувањето на економија базирана на знаење ќе реализираме

изградба на Технолошки парк во Битола како институција која ќе ги поврзува локалните истражувачи и претпријатија со сличните во Европа и светот. Со тоа ќе го олесниме процесот на трансфер на технологија и ќе иницираме иновации во работењето на локалните бизниси.

Технолошки парк во Битола ќе биде прва ваква иницијатива во Република Македонија која ќе овозможи:

- отворање на низа нови високо профитабилни бизниси;
- отворање на низа нови висококвалификувани и добро платени работни места;
- подобрување на квалитетот на стручното и високото образование;
- намалување на одливот на мозоци (високо стручни кадри) кои во моментот немаат локална перспектива.

Секој претприемач кој ќе биде дел од START-UP програмот ќе добие можност на свој ментор, искусен претприемач, кој ќе му биде на располагање во период од минимум една година од активирањето на претпријатието.

Менторите ќе бидат внимателно одбрани, и тоа ќе бидат лица кои со својот рејтинг, образование и деловен успех имаат кредибилитет своето искуство да го поделат со новите генерации на претприемачи.

Секој претприемач кој ќе сака да склучи договор за Франшиза со друга компанија, ќе има можност да конкурира за франшизинг заем. Вкупниот фонд за оваа намена ќе биде 300.000 евра. Максималниот износ за кој ќе може да конкурират претприемачите ќе биде до 30.000 евра  со една година грејс период, а остатокот на 48 еднакви рати, каде целосната каматна стапка ќе биде покриена од средства на општина Битола.

Целта на проектот е да овозможи вработување на лица во веќе етаблирани бизниси и да се искористи know-how, која секоја франшиза самата посебе ја има.

Имајќи ја во предвид лошата економска ситуација во која се наоѓаат Битолските земјоделци и неможноста да отпатуваат на саеми во други држави, а се со цел да ги

поттикнеме да ги следат современите критериуми на земјоделското производство, ќе организираме бесплатно патување на земјоделски саеми во Европа. Годишно, можност за посета на саемите ќе се имаат 100 земјоделци, кои ќе бидат избрани по соодветни критериуми.

Проект – Волонтерска практика: Проектот им овозможува на претпријатијата да конкурираат за субвенционирање на волонтери - практиканти, на кои општината ќе им исплаќа месечен износ од 100 евра., по практикант. Едно лице ќе може да волонтира најмногу три месеци во едно исто претпријатие, годишно.

При конкурирањето за било кој проект од оваа програма, предност ќе имаат претпријатијата со следните критериуми:

- Поголема просечна плата на вработените;
- Поголема пријавена добивка во претходната година;
- Недоцнење во плаќањето на даноците.

# ТУРИЗАМ

## РАЗВОЈ НА ЛЕТНО-ЗИМСКИ ТУРИЗАМ

ПЕЛИСТЕР И РУРАЛЕН ТУРИЗАМ - Претставува една од високо развојните сфери, чии потенцијали имаат директен импакт врз локалниот економски разво на Битола. За таа цел ќе биде креирана стратегија за развој на туризмот во подпелистериeто и Баба Планина кои ќе прераснат во европски рекреативен и туристички регион.

Развој на туризмот во подпелистерските села и изработка на проект за летен рекреативен центар. Центарот ќе биде лоциран на самата река Драгор од потегот на зафатот на Нижеполе до базенот во село Дихово. Предвидува изградба на три каскади кои ќе формираат три мини езера за рекреација на вода низ течението и изградба на соодветна рекреативна патека;

Промоција на млечни, месни и домашни производи карактеристични за поднебјето, традицијата и социјално-културното живеење на тие простори.

# ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

- Транспарентно изготвување на приоритетна листа на комунални проблеми со редослед на реализирање на pooделни проекти по принципот „прв пристигнат, прв услужен“;
- Изготвување на приоритетна листа за активности при изведување на инфраструктурни објекти во руралните средини. Граѓаните точно ќе знаат кога ќе се решава нивниот конкретен проблем.

## ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Јавниот градски патнички превоз во општина Битола е неефикасен, некоординиран , со застарен возен парк. Воедно за жителите на приградските и руралните населби претставува вистинска авантура обидот да пристигнат во друг дел на нашата општина користејќи го јавниот автобуски превоз. При тоа немаат услови да користат велосипеди, а пешачењето не е опција заради безбедносните ризици. Од овие причини ги нудиме следните предлози:

- Формирање на ЈП „Јавен превоз“ од страна на локалната самоправа за да влијаеме врз подобрување на квалитетот и доверливоста на ЈГП;
- Обезбедување на 20 нископодни автобуси (прифатливи за инвалидизирани и стари лица) од страна на владата на РМ;
- Реконструкција и осовременување на постојните и изградба на нови стојалишта за ЈГП;
- Воведување на нови линии на ЈГП (постојани или флексибилни) заради поцелосно опслужување и подобра покриеност на следните населби: Брусничко-лавчанска, Буковски ливади, Карпош, Стрелиште, Баир и Боримечка;

- Обезбедување на ЈГП кон населените места од територијата на поранешните рурални општини, Бистрица, Кукуречани и Цапари.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на комуналните ЈП, средства од пред пристапните европски фондови, јавно-приватно партнерство, буџет на РМ (средства за капитални инвестиции) .

## МЕСНА САМОУПРАВА

Денес урбаните и месните заедници не функционираат заради партизацијата од страна на ВМРО ДПМНЕ и неодговорниот однос кон нив од страна на локалната власт. Голем дел од нивните објекти се запуштени, руинирани и вон употреба, додека останатите се дадени под закуп при што не се водело никаква сметка за интересот на месното население.

За санирање на оваа состојба ние ќе ги преземеме следните мерки:

- Реконструкција и оспособување на објектите во урбаните/месните заедници посебно во руралните средини;
- Преиспитување на договорите за закуп на просторот и исполнувањето на преземените обврски од страна на корисниците;
- Обезбедување на простор во секоја урбана/месна заедница за непречено функционирање на месната самоуправа, уредување на истиот и овозможување на бесплатна интернет конекција;
- Согласно со барањата и потребите на месното население ќе им обезбедиме простор во месните/урбани заедници на корисниците кои ќе вршат општествено корисни дејности (амбуланта, аптека,...).

# КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ

## ЈАВНА ЧИСТОТА, ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И УРБАНА ОПРЕМА

Локалната власт ги нема воспоставено услугите за оддржување на зелени површини и јавна чистота на целата територија на општината. Сеуште големи делови од населените места немаат оддржувани зелени површини додека јавната чистота е имагинарен поим. Во такви услови сосема очекуван е недостатокот на урбана опрема посебно во функција на најмалите, децата. Затоа предвидуваме посебни мерки во оваа сфера:

- Изработка на нови програми за одржување на јавната чистота и зелените површини со кои ќе се одредат површините, објектите, условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на целата територија на општината;
- Зголемување на зелените површини до 30% од постоечките;
- Обезбедување на технолошка вода на зелените површини со ископ на 10 бунари и со ревитализација на изворот "12 Кладенци" кој се користеше во поранешната касарна;
- Дополнително поставување на 200 корпи за отпадоци;
- Уредување на еколошки катчиња во секое основно училиште;
- Распоредување на комунална опрема за детски игралишта во секоја месна заедница.
- Поставување на унифицирани жардинери во централното градско подрачје.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на општина Битола (програма за уредување на градежно земјиште, програма за одржување на комунални објекти и инсталации), средства на ЈП Комуналец, средства од пред пристапните европски фондови.

# ОБРАЗОВАНИЕ

Европа се стреми кон создавање на општество и економија кои се базираат на знаењето. Пристапот до актуелните информации и знаења, заедно со мотивираноста и умешноста за софистицирано користење на овие ресурси станува клуч за глобалниот квалитет на животот и работата на луѓето. Во тој контекст клучна улога има образованието. Секоја држава тежнее кон квалитетно образование, но клучна улога во обезбедувањето на квалитет во образованието, со процесот на децентрализација, имаат единиците на локалната самоуправа и училиштата во нив. Освен создавањето на материјално-техничките и финансиските предуслови, битно за квалитетот е и зајакнување на човечките потенцијали.

Имајќи го ова во предвид, во нашата изборна програма за општина Битола, идентификуваме определени точки на потенцијално подобрување и предлагаме КОНКРЕТНИ РЕШЕНИЈА.

- Ќе опремиме специјализирани училници во секое училиште со: SMART (паметни) табли, односно интерактивни табли, со потребните дополнителни аудиовизуелни средства. Секоја учебна година ќе се опремуваат во просек по 2 вакви училници во секое училиште;
- Ќе создадеме фонд на ниво на општина од средствата на буџетот на општина Битола за поддршка на мини проекти од областа на екологијата и претприемништвото. Проектите по пат на конкурс ќе бидат прифатени и финансиски поддржани од општинска комисија;
- Ќе создадеме фонд на ниво на општина, од средствата на буџетот на општина Битола, за организирање и реализирање на обуки за наставниот кадар и стручните соработници во училиштата.

За да се зголеми капацитетот и да се обезбеди подобар квалитет во работата на училиштата и образованието, парцијално ќе се ангажираат наставници, стручни соработници и директори од училиштата за основно и средно образование на ниво на локалната самоуправа, кои ќе обезбедуваат стручна помош и поддршка на вработените за сите училишта во општината, во поглед на некои функционални подрачја од работата на училиштата и градинките. Станува збор за:

- лице задолжено за давање на стручна помош за изготвување на годишни програми и развојни планови за училиштата;
- лице задолжено за давање на стручна помош во спроведување на самоевалуацијата и подговка на училиштата за интегрална евалуација на училиштата;
- лице задолжено за давање на стручна помош за планирање и програмирање на наставата и користење на современи методи и форми, односно современа образовна технологија во рамките на училишниот менаџмент;
- лице задолжено за давање на стручна помош за утврување на потребите за обука на вработените во училиштата и учество во организирање на обуки за вработените во училиштата;
- лице задолжено за давање на стручна помош за подготовка и аплицирање на училишни проекти од меѓународни и домашни фондови;
- лице задолжено за давање на стручна помош за координирање на активностите во однос на обезбедување на материјално технички средства за реализирање на современа настава според утврдени стандарди;
- лице задолжено за давање на стручна помош за координирање на активностите во врска со имплементирање на ИКТ во наставата.

Сите горенаведени лица четири дена во седмицата ќе работаат во матичното училиште, а петтиот ден или 8 саати седмично ќе работат за потребите на одделението за образование во општина Битола. На овој начин ќе се обезбеди можност за кариерен развој на вработените во училиштата и делумно решавање на проблемот со евентуален појавен недостаток на часови.

- Воспоставување на функционална мрежа на училишта за средно образование со балансиран број на струки и образовни профили сообразени со традицијата, економските специфики и потребите на општина Битола. Градот има потреба од втора гимназија;
- Иако средните училишта за деца со посебни потреби се во надлежност на централната власт, сепак локалната власт има обврска да води грижа во

рамките на својата општина. За таа цел градоначалникот и општинскиот совет ќе извршат притисок за решавање на овој проблем, а од своја страна ќе обезбедат просторни и материјално технички услови за работа на ваква паралелка;

- Формирање на центар за опфаќање на талентираните и надарени ученици, не само од Битола туку и од цела држава, со што ќе се овозможи организирање и реализирање на соодветни форми на работа со таквите ученици (едукативни работилници, саеми на знаења, „фестивал на наука“, ликовни колонии и сл.) во текот на учебната година;
- Искористување на објекти на институции во надлежност на општина Битола и нивно адаптирање за работа на дислоцирани групи на деца од градинките во Битола;
- Реконструкција, санација и редовно тековно одржување на сите основните и средните училишта и детските градинки во надлежност на општина Битола.

***Приоритети за санација:***

ОУ „Гоце Делчев“ Битола, подрачното училиште „Тодор Ангелески“ во Горно Оризари, подрачното училиште „Коле Канински“ во с.Поешево.

# СПОРТ

Спортот е многу важен сегмент од опшественото живеење кој неоспорно влијае врз јакнењето на духот и здравјето на граѓаните.

Битола е град со голема спортска традиција, град кој се гордеел со спортските успеси на своите сограѓани, со постигнатите резултати на светски натпревари, но за жал денес не е така. Денес нашите гордости, фудбалскиот, ракометниот и кошаркарскиот клуб „Пелистер“ се доведени на работ на егзистенција, на дното на табелите. Локалната власт преку инсталација на партиски, наместо стручни кадри, во управите на клубовите ги фрли на колена нашите клубови, кои во некои подобри времиња се бореа за европски титули.

Наша цел е да помогнеме и учествуваме во развојот на спортот во нашиот град, во сите негови сегменти, со опфат на голем број деца, млади и граѓани. Посебен акцент ќе ставиме за враќање на сјајот на фудбалскиот, ракометниот и кошаркарскиот клуб „Пелистер“ и да играат значајна улога во државни и европски рамки.

Еве дел од проектите со кои ќе ги реализираме споменатите цели:

- Спортот на спортистите;
- Посебна програма во буџетот на Општина Битола за финансирање на спортот;
- Изградба на повеќенаменска сала за спортски, културни и музички настани;
- Реконструкција на спортската сала „Младост“;
- Реконструкција на фудбалскиот стадион „Тумбе-кафе“;
- Изградба на скејт парк;
- Организирање на годишни средби на спортистите, спортските клубови со бизнисмените ( потенцијални спонзори);
- Формирање на СПОРТСКО ДРУШТВО „ПЕЛИСТЕР“ БИТОЛА

По примерот на останати спортски друштва кај нас и ширум Европа (Вардар, Работнички, Партизан, Црвена Звезда, Реал Мадрид, Барселона, ЦСКА...).

Заради остварување на јавниот интерес на Општина Битола, спортските клубови од Битола кои го носат името „Пелистер“ ќе го сочинуваат и ќе бидат составен дел од друштвото.

Клубовите и понатаму ќе си бидат посебни правни субјекти со своја управа и своја сметка.

***Формирање на Совет за спорт***

Да се формира стручно - советодавно тело - Совет за спорт од редот на истакнати спортисти, стручни, научни, како и други истакнати работници од областа на спортот.

Советот со свои предлози ќе помага во донесување Програма за развој на спортот.

- Инвестирање во патека за мото-крос, организирање на државни и меѓународни натпревари и финансиска поддршка на клубовите;
- Организирање на автомобилска трка во официјален календар на АФМ;
- Поддршка на екстремните спортови маунт-бајк, параглајдерство, џип-рели и сл.;
- Финансиска поддршка за училишниот спорт;
- Организирање на редовни училишни турнири во колективни и поединечни спортови (ракомет, фудбал, кошарка, гимнастика, атлетика, боречки вештини, пинг понг, тенис, стрелаштво, планинарење и сл);
- Набавка на основна спортска опрема и технички помагала за потребите на битолските училишта;
- Едногодишна стипендија на 5 врвни спортисти кои се запишани во прва година на државна високо образовна институција;
- Иницијатива за отварање на една паралелка за спорт, во некое од средните училишта;
- Изградба на патека за пешаци и велосипедисти од Тумбе-кафе преку Смолево до манастирот св. Атанасиј.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на Општина Битола, Јавно приватно-партнерство, донации од спортски федерации, буџет на Р Македонија, и донации.

## МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Младите не се категорија за која треба само да се води грижа, туку младите треба да бидат активни чинители во локалната заедница. Младите на Општина Битола и требаат сега и овде, затоа ние ќе овозможиме:

- Посебна програма во буџетот на Општина Битола за финансирање на младински идеи и проекти;

- Формирање на младински форум, каде би членувале претставници од средните училишта;
- Носење на младинска стратегија и акционен план. Со финансиска и институционална поддршка на локалната самоуправа ќе им овозможиме на младите да изготват младинска стратегија до 2018 година. Младинската стратегија ќе претставува официјален стратегиски документ;
- Секоја година по тројца најдобри ученици од секое средно општинско училиште во Битола, кои ќе го продолжат своето образование на некоја високо образовна институција, ќе добијат еднократна парична награда во износ од 15.000 денари;
- Месечна финансиска помош (за исхрана) за деца кои одат во училиште, а кои потекнуваат од семејства примател на социјална помош;
- Основање на мултифункционален културен младински центар во соработка со НВО, каде нашите млади ќе можат квалитетно да го поминуваат слободното време, да се дружат и социјализираат. Во него се предвидуваат најразлични содржини: интернет клуб, кафетерија, курсеви за јазици, библиотечен, музички и изложбен дел;
- Со цел развивање предприемачки дух кај нашите млади, Општина Битола ќе организира и финансира, бизнис-план натпревари, каде сите млади кои имаат идеа ќе можат да ја преточат во бизнис план и со него да се натпреваруваат. Најдобрите идеи ќе бидат парично наградувани;
- Креирање на работни места преку практикантска работа. Општина Битола во договор со бизнис заедницата од нашиот град, за учениците од средните стручни училишта ќе организира практикантска работа. Со ова младите би стекнале работни навики и искуство што би ги направило повеќе конкурентни на пазарот на труд.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на Општина Битола, Јавно приватно-партнерство, буџет на Р Македонија, и донации од странски фондации.

# КУЛТУРА

Битола е конзулски град, како и град со голема културна традиција и богато историско минато. Битола е град за кој се испеале многу песни, се напишале многу книги и раскази. Битола е град, кој кога ќе го посетиш не можеш да си заминеш рамнодушен. Вложување во развој и негување на културата е вложување во интегралната слика за идентитетот на својот народ.

По терк на европските метрополи, Битола ќе ја направиме модерен и динамичен град, со заштитена и негувана традиција и културно наследство.

***Ќе донесеме посебна програма во буџетот на Општина Битола за финансирање на културата.***

- Ќе дадеме поддршка на постоечки културни манифестации како, „Битолско културно лето“, ФФК Браќа Манаки“, „Камера 300“, „Интерфест“, Графичко триенале, Фестивал на монодрама, Мал битолски Монмартр, „Илинденски денови“ и други;
- Финансиски и инстутиционално ќе ги поддржуваме сите здруженија, културно уметнички друштва и поединци кои ќе придонесуваат за афирмација на културата и традицијата, со посебен акцент на друштвата кои веќе сториле многу во таа насока, како на пример КУД „Стив Наумов“;
- Адаптирање и пренамена на Домот на АРМ во Градска куќа, во која ќе се одржуваат свечености, приеми, концерти и сл;
- Трансформација на паркот на Домот на АРМ во „Дипломатски комплекс“ каде што сите конзулати и збратимени градови би изградиле свои традиционални куќарки со експонати од нивната култура и традиција;
- Реконструкција на помошните објекти во Домот на АРМ;
- Комплетна реконструкција на фонтаната пред Битолскиот музеј;
- Афирмација на културниот туризам и поттикнување на разновидни форми на културно творештво преку манифестации и културни споменици;

- Заштита на Старата битолска чаршија. Обновување на старите занаети, реставрација на стари дуќани, работилници, производство и продажба на сувенири од традиционална Битола;
- Субвенционирање на влезници за манифестации од културата за ученици, студенти и пензионери;
- Алтернативни простори. Оспособување на алтернативни-напуштени простори кои не се користат и доделување на културни организации кои би работеле во нив;
- Поголема поддршка за научноистражувачки проекти на Македонското научно друштво – Битола од историски, литературен, археолошки и културен карактер.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: буџет на Општина Битола, Јавно приватно-партнерство, буџет на Р Македонија, и донации.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Секогаш на страната на економски најранливите категории на граѓани, ќе се грижиме да обезбедиме услови за заштита на граѓаните кои од различни причини не можат да обезбедат основна егзистенција, или се посебно ранливи, како што се старите лица, децата, младите, самохраните мајки, лица со посебни потреби и други маргинализирани групи, обрнувајки посебно внимание на развивање механизми за препознавање на нивните специфичните потреби . Наша цел е не само да ги заштитиме граѓаните кои се на маргините на општеството, туку истовремено да обезбедиме и еднакви можности за нивно понатамошно вклучување во општествениот живот.

Живееме во време на рекордна сиромаштија и невработеност. Во изминатите осум години актуелната локална власт, освен саморекламирање и гол популизам, во делот на социјалната политика не презеде доволно мерки за ублажување на катастрофално лошата социјално-економска положба на најранливите категории на граѓани на општина Битола.

За надминување, односно подобрување на ваквата состојба предлагаме конкретни мерки и активности:

***Заштита на стари и изнемоштени лица***

Сиромаштијата помеѓу старите лица и нивната социјална исклученост бараат грижа од страна на општеството во целина. Со цел да се овозможи подостоинствен и поквалитетен живот на старите лица предлагаме:

Изработка на проект за изградба на нов Дом за стари лица по европски стандарди - на територијата на поранешната касарна;

Организирање на Клубови на пензионери и стари лица за дружење, забава, спортски и рекреативни активности во просториите на месните заедници;

Изготвување и реализација на проект ,,Помош во Вашиот дом,, - формирање на мобилни тимови од медицинска сестра и техничар-логистичар за нега и грижа на

стари и изнемоштени лица кои живеат сами (локалната самоуправа во соработка со невладини организации);

Бесплатен јавен превоз за пензионери и стари лица над 65 години.

***Грижа и заштита на деца***

Постоечките детски градинки во Битола немаат доволен згрижувачки капацитет, што воведе до формирање на листи на чекање (на повеќе од 150 деца). Посебно внимание треба да се посвети и на згрижување на деацата од руралните средини. На територијата на Општина Битола во руралните средини постојат неколку дневни центри за ран детски развој формирани од УНИЦЕФ, меѓутоа тој проект завршува и новата локална власт треба да размислува во насока на понатамошна одржливост на постоечките центри и евентуално отварање на нови таму каде што има потреба и можности.

Заради посеопфатна згриженост на децата од предучилишна возраст предлагаме:

Изградба на нова детска градинка во пограничниот регион на Општина Битола, со што би се создале услови за згрижување и нега на деца од руралните средини;

Проширување и реконструкција на постоечките капацитети заради подобрување на условите за престој и згрижување;

Превземање на постоечките дневните центри за ран детски развој (предшколски деца) во руралните средини под ингеренции на локалната самоуправа и отварање на нови;

Опремување на мини забавни паркови за рекреација и забава на деца околу стамбените блокови;

Фонд за стипендирање на образованието на талентирани и надарени деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства;

Во последен период рапидно расте бројот на корисници на дрога и алкохол, посебно кај младата популација, што е посебно загрижувачка појава. Исто така евидентна е и зголемената појава на улични деца (питачи) , посебно во централното градско подрачје. За намалување и сузбивање на ваквите појави предлагаме:

Финансирање на социопедагошки програми (млади лица како целна група) за заштита и превенција од дрога, алкохол, пушење и други негативни појави што доведуваат до настанување на социјални ризици,заштита од насилство, заштита на жртви од насилство и советувања;

Реорганизација и правилно функционирање на дневниот центар за улични деца , згрижување, едукација и социјална интеграција.

***Заштита на лица со посебни потреби***

Досега локалната власт не се грижеше доволно за лицата со посебни потреби во изминатиот период. Новата локална власт ќе овозможи унапредување на човековите права, еднакви можности и целосна интеграција на овие лица како најранлива категорија. За таа цел ќе се превземат следните активности:

- Организирање на стручни предавања и трибини за подигање на свеста кај граѓаните за недискримининација на лицата со инвалидитет-прифаќање во своето семејство и средина ,поддршка и помош;
- Поддршка на лицата со посебни потреби и вметнување на оваа целна група во програми за нивно вработување;
- Поставување на звучна сигнализација на неколку клучни сообраќајници во градот за слепите лица. Недозволиво е град како Битола да нема ниту еден таков механизам;
- Формирање на центар за поадекватен третман на лицата со аутизам, кои што за жал ги има во се поголем број и оспособување на соодветен кадар за работа со таквите лица;
- Финансиска помош на здруженијата на лица со посебни потреби.

Во рамките на процесот на деинституционализација, згрижувањето на лицата со тешки пречки во развојот во Специјалниот завод во Демир Капија е неможно. Еден дел од нив не се во состојба да бидат опфатени со самостојно живеење кое го предвидува Законот за социјална заштита, заради тежината на попреченоста. Родителите кои најчесто се стари и им треба помош и заштита, не се повеќе во состојба да им ја пружат потребната нега. Во ништо подобра состојба не се и оние

семејства кои заради вработеноста , или се со повеќе деца, не се во можност да им ја пружат потребната грижа. Затоа предлагаме :

- Отварање на мал групен дом

Со ова би се решиле проблемите на оваа категорија на лица и нивните семејства. Центарот за социјална работа-Битола располага со соодветен простор во село Лопатица, кој со одредена адаптација, доградба и опремување, а исто така и вработување на соодветен стручен кадар, може да обезбеди згрижување и нега. Заради близината може да се задржи комуникацијата со семејствата за време на викенди или други термини со што ќе се биде во функција и на процесот на деинституционализација.

***Вонинституционална заштита на лица во положба на социјален ризик***

Загрижувачка е бројката на лица корисници на дрога, алкохол и други психотропни супстанци во Општина Битола. На локално ниво, освен дневниот центар за метадонска терапија, кој не дава резултати, не постојат никакви можности за ресоцијализација и третман на зависниците од дрога, а за зависниците од алкохол воопшто ги нема. Неопходно е да се превземат соодветни мерки и активности во насока на надминување на ваквите недостатоци и проблеми. Во таа насока предлагаме:

Формирање на дневен центар за лица корисници на дрога, алкохол и други психотропни супстанции заради нивна побрза и поуспешна рехабилитација и ресоцијализација.

***Заштита на жртви од семејно насилство***

Семејното насилство е прашање за кое оваа власт освен скапи реклами и кампањи не прави ништо друго. Она што недостасува во Општина Битола од аспект на семејното насилство е советувалишна работа. Покрај превземање на мерки за целосно функционирање и организирање на постоечкиот центар за привремено сместување-шелтер центарот, предлагаме:

- Отварање на советувалиште за жртви на семејно насилство и помош за нивна ресоцијализација и реинтеграција;
- Отварање на советувалиште за работа со насилници што е важен аспект за решавање на овај проблем;
- Отварање на 24 часовна СОС линија.

***Поддршка на социјално загрозени лица и парична помош***

Сиромаштијата достигна досега невидени размери и надминува 30 проценти од севкупното население.Тоа значи дека секој трет граѓанин е на работ на егзистенција, а семејствата едвај врзуваат крај со крај. Секојдневното зголемување на цените на основните прехрамбени продукти, водата, зголемувањето на цената на електричната енергија и укинувањето на дневната ефтина тарифа, наместо решавање, уште повеќе го зголемува проблемот со сиромаштијата.

На територијата на Општина Битола во моментот егзистираат околу 1100 семејства-корисници на социјална помош. Со цел секој граѓанин на општината да има еднаква можост и пристап до ресурсите што ќе му го направат животот подобар и посреќен и колку толку да им го олесниме животот, предлагаме:

- Изготвување на општински социјални програми со коишто ќе им помогнеме на социјално најзагрозените граѓани;
- Изготвување и реализација на Програма за намалување на цената на водата и ѓубретарината кај социјалните случаи.

За реализирање на мерките и активностите во делот на социјалната заштита, како значаен сегмент на нашата програма, ќе се обезбедат средства од следните извори: Буџет на Општина Битола, Проекти финансирани со средства од Европските фондови, Јавно приватно партнерство и Донатори.

## Здравствена заштита

Сите активности што ќе ги превземеме како нова локална самоуправа ќе имаат за цел здравстена заштита за сите, поквалитетно и подостапно здравство. Имајки ги во предвид ингеренциите кои локалната самоуправа ги има во примарната задравствена заштита, но и нашите заложби за превенција и рано откривање на заболувањата, ги предлагаме следните активности и мерки за територијата на Општина Битола:

- Логистичка и комунална поддршка во изградбата на нов дијагностичко-ургентен центар во Битола;
- Изработување на програми за здравствено воспитување на населението во соработка со ЈЗУ-Центар за јавно здравје и граѓанските здруженија;
- Спроведување на едукација по училиштата и јавна кампања за ризично однесување, штетни навики и превенција од зависности во соработка со Центарот за јавно здравје;
- Редовно информирање на граѓаните за здравствена состојба на населението;
- Редовно информирање на граѓаните за квалитетот на воздухот, водата за пиење, изворите, како и за површинските води (реки и езера) и превземање на мерки за нивно подобрување;
- Редовно информирање за заразните болести и превземање на превентивни мерки за нивно спречување;
- Програма и спроведување навремена и редовна дезинсекција (прскање од комарци и други инсекти преносители на заразни болести);
- Обезбедување на средства за реконструкција и опремување на ЈЗУ - Здравствен дом Битола;
- Субвенционирање - обезбедување на соодветен простор од локалната самоуправа без паричен надомест, со цел да се стимулира отварање на здравствени и стоматолошки ординации и аптеки во руралните средини.

Извори за финансирање на наведените проекти и активности се: Буџет на Општина Битола, Јавно приватно-партнерство, Буџет на Р Македонија, и Донации.

# НАШЕТО МААЛО,
# НАШЕТО СЕЛО...

Проектот „Отвори врата за иднината“ ја постигна својата цел. Она што го започнавме како наша мисија, да тропнеме на секоја врата во Битола, да поразговараме со секој наш сограѓанин за проблемите со кои секојдневно се соочуваат е успешно завршено.

Посетени се вкупно 19 635 домови, а притоа имавме привилегија од околу 32 илјади наши сограѓани да чуеме многу предлози и сугестии.

Почитувани сограѓани во оваа прилика автентично ги регистрираме во програмата сите ваши потреби и приоритети за подобар живот во вашето маало, вашето село.

## МО Александар Турунџев

Реновиран, уреден и осветлен градскиот пазар, подобрување на хигиената, осветлување на старата битолска чаршија;

Решавање на проблемот со паркирање на возила на улиците кои гравитираат околу градскиот пазар, расчистување на тротоарите за слободно движење на пешаци;

Средување на просторот околу трите кули на ул. „Едвард Кардељ“ (зеленило, парк со детски крлешки);

Асфалтирање на ул. „Прохор Пчински“, „Ж.Ј.Шпанац“ и „Бул.1ви Мај“ на потег од влезот на чаршијата кај Ат-пазар до Хигиена.

## МО Блаже Рогозинаро

Да не се дозволи изградба на катна гаража зад зградите на ул.„Борис Кидриќ“ и воедно да се води сметка дали при изградбатата на висококатници им се одзема видикот и паркингот на постојните куќи. Реновирање на фасади што се под заштита на споменици.

Да не се наплаќа за паркинг од станарите на ул. „Борис Кидрич“ при решавање на проблемот со паркинг просторот

Одржување на  зеленилото пред зградите во МЗ и озеленување на просторот кај раскрсницата Грозд;

Средување на просторот кај скривниците на старата автобуска станица како и преземање мерки за намалување на  бучавата во центарот на градот.

## МО Борис Бастеро

Во училишниот двор на „Даме Груев“ (до МЗ Борис Бастерот) да се санираат скалите, игралиштето и да се изгради мини парк непосредно до училиштето. Поставување на  легнати полицајци преку улица „Прилепска“.

Асфалтирање на спојот на ул. „Прилепска“ со ул. „Борис Бастеро“ и на патот меѓу ул. „25 Мај“ и „Борис Бастеро“. Тротоари на ул. „И.Милутиновиќ“ и ул. „Едвард Кардељ“.

Решавање на водоснабдувањето на ул. „Наум Н. Борче“.

Асфалтирање на ул. „Максим Горки“ и формирање на засеци на улиците „И.Милутиноивќ“ и „Едвард Кардељ“ со цел да се добијат паркинг места;

Реставрирање на зградата на МЗ „Борис Бастеро“ за да се користи како центар за одржување бесплатни курсеви за деца и возрасни;

Изградба на мини парк на просторот помеѓу „Иван Милутиновиќ“ 80 и 82 – овој неискористен простор да се засади со дрвца и зеленило;

Градски автобуски превоз во недела и неработни денови и обнова на „Бела Чешма“, подобро осветлување и хигиена во сите делови и улици на оваа МЗ.

## МО Коле Канински

Замена на водоводната и одводната инсталација на улиците: „Коле Канински“, „М.Т. Живковиќ“, „Црвена Вода“ и „Зборска“;

Решавање на  проблемот со паркинзи на ул. „Елпида Караманди“ (старо медицинско) бидејки сопствениците на куќи не можат да дојдат со своите возила до пред сопствената гаража;

Реставрирање и ставање во функција на Офицерски дом и Ресторанот Парк;

Преасфалтирање на оштетените улици независно од нивната должина и големина; Поставување на легнати полицајци кај училиштето Коле Канински (на ул. „4ти Ноември“).

## МО Коле Лачето

Застарена водоводна мрежа на улица Солунска, како и на соседните улици;

Континуирана неосветленост на повеќе улици кои гравитираат кон М.З. Коле Лачето;

Воведување ред во издавањето дозволи за прекоп на улиците при поставувањето на подземните инсталации како и соодветно санирање на истите.

## МО Стево Патако

Целосна реконструкција на улиците „Христо Ботев“, „Стив Наумов“, „Стево Патако“ ( промена на водоводна и канализациона мрежа ) и поставување на нов асфалт;

Да се стави во функција котларата во месноста стара болница (зградите), да се стави во функција парното греење во сите станови;

Целосна реконструкција на ул. „Кузман Јосифовски“, промена на водоводна и канализациона мрежа и поставување на нов асфалт;

Регулирање на работното време на кафе – баровите (заштита од бучава).

## МО Вељко Влаховиќ

Асфалтирање на ул. „Питу Гули“ и поставување на асфалт зад двете кули заради голема фреквенција на автомобили и пешаци;

Подобро осветлување на улиците, посебно на ул. „Партизанска“ и престанок на сечење на дрворедот на истата;

Како месна заедница која граничи со спортските објекти, бараме реконструкција на спортската сала „Младост“ и изградба на затворен базен;

Изградба на нова фонтана пред музејот или реконструкција на истата и нејзино одржување.

## МО Вангел Мајоро

Целосна реконструкција на ул.„ Јорго Османо“ (водовод, канализација, асфалт);

Асфалтирање на улицата „11ти Октомври“;

Поставување на легнати полицајци за смирување на сообраќајот кај ОУ „Гоце Делчев“

Реконструкција на ул. „Булевар 1ви Мај“ на потегот од Црн Мост до Саат-Кулата.

## МО Ѓорѓи Наумов

Асфалтирање на улиците „21” и „22”, дислокација на дивата депонија на просторот меѓу улиците „13” и „21”. Изградба на спортско игралиште.

Асфалтирање на улицата „31” и извршување на нејзина стандардизација, улично осветлување на улицата „Мирка Гинова“, паркинг или парк помеѓу зградите од улицата „Борис Буџески“ и „Мирка Гинов“а. Поврзување на улиците „Мирка Гинова“ и „Михајло Андоновски“;

Атмосферска канализација кај зградата Бадо, парк за деца кај зградата Шавриќ, канализација и осветлување на улиците кај зградите на улица „Бонде Скерлески“. Обезбедување на техничка вода за одржување на зеленило;

Исклучување на постоечкиот влез на Средното училиште „Ѓорѓи Наумов“ со отворање нов влез од страна на „Партизанска“. Формирање на локален клуб на пензионери.

## МО Јонче Мурџески

Тротоари по сите улици што водат до Училиштето „св. Климент Охридски“;

Отварање на училиште во Брусничка населба за основно образование (до 5-то одд), отворање на пошта;

Консолидирање на градскиот превоз (многу ретко сообраќаат автобусите и во викенди нема превоз), паркинг простор на ул.„Јадранск“а и „Ј.Мурџески“;

Осветлување, реновирање на улиците во населбата Довлеџик;

Средување на  зелениот појас кај далекoводот Сапунџица.

## МО Кочо Десано

Асфалтирање на  дел од улицата „Кленовец“ од бројот 33 до 61;

Асфалтирање на  ул. „Цар Самоил“ од број 166 во должина од 100 метри (чикмак);

Почесто чистење на улиците низ МЗ.

## МО Панде Кајзеро

Комплетна реконструкција на патот Битола – Лавци и целосната инфраструктура во населбата околу Лавчански пат (собирање на атмосферските води, канализација, асфалтирање на улиците);

Во просторот на МЗ „Панде Кајзерот“ да се изгради забавен парк за деца, а во домот да се отвори клуб за пензионери;

Доизградба на ул. „Васко Карангелески“ со јужна колекторска и тротоарот од болницата до Училиштето „св. Климент Охридски“ (лева страна). Осветлување околу зградите (паркинзите) во МЗ;

Изградба на детска градинка околу Училиштето „св.Климент Охридски“.

## МО Васко Карангелевски

Комплетна реконструкција на ул. „Васко Карангелевски“ по сите стандарди за заштита и регулирање на сообраќајот. Изградба на два подземни или надвозни пешачки премини на истата;

Уредување и одржување на зелените површини и дрворедите на ул. „В.Карангелевски“ по целата должина на улицата заедно со околните згради;

На ул. „Младински бригади“ регулирање и чистење на атмосферската вода која постојано предизвикува поплави во подрумските простори, посебно во првата зграда;

Уредување на просторот меѓу Веро и ул. „Игњат Атанасовски“. Промена на канализација и асфалт на ул. „ Романија“ како и асфалтирање на споредните улички кон  ул. „ Довлеџик“

## МО Димитар Влахов

Реализација на програма за социјална помош со цел да се зголеми опфатот на население;

Инфраструктурно уредување на улиците „8ма“, „5та“ – крак, „6та“, „7ма“, „10та“(дел), „11та“ . Уредување на улицата „Козјак“ и споредните улици во Петочна населба;

Зголемување на безбедноста на населбата заради честите кражби во населбата Бадем Балари преку воведување полицаец – позорникар;

Спортско игралиште во Петочна вода. За младите од оваа населба потребно е изградба на вакви спортски терени;

Помош од општината за дислокација на предавателите од ридот на оваа населба и урбанизирање на населбата.

## МО Естреа Мара

Да се средат каблите од бандерите заради безбедност на граѓаните;

Чистењето на улиците во зимскиот период, средување на шахтите бидејки при посилен дожд доаѓа до поплавување на куќите;

Асфалтирање и средување на водоводната и одводната мрежа на улиците низ Баирот, Мукос, Струшка. Изградба на решетки за прифаќање на атмосферските води;

Регулирање на сообраќајот по тесните улици со едносмерни, поправка и дополнително поставување на улично осветлување.

## МО Ѓорѓи Сугарев

Санирање на водоводните цевки на ул. „Кирил Пејчиновик“;

Поставување на канализација на ул. „Илинденска“ од бр.117 до 149;

Да се средат и заштитат скривниците;

Нема улично осветлување на ул. „Девеани“ и потребно е чистење на каналите за прифаќање на атмосферските води.

## МО Тодор Ангелевски

Средување на просторот на руинираниот студентски дом кој наликува на депонија;

Решавање на проблемот со пожарите на локацијата на турските гробишта;

Интервенирање во делот на подземната инфраструктурата и осветлувањето во цела месна заедница;

Уредување на зелените површини, паркингот пред Училиштето „Тодор Ангелевски“, решавање на проблемот со сообраќајната сигнализација која воопшто ја нема и пребрзото возење на возилата.

## МО Таки Даскало

Изнаоѓање на решение со проблемот кој го предизвикуваат корењата на Чинарот;

Асфалтирање на чикмакот на ул. „Караорман“;

Недоволна хигиена, потребно е почесто собирање на ѓубрето, редовно санирање на уличното осветлување, зачестени кражби во реонот;

Асфалтирање на ул.„Неготино“, но и со инфраструктурата на останатите улици;

Почесто и побрзо чистење на улиците во зимскиот период.

## МО Даме Груев

Реконструкција на инфраструктурата на дел од улицата „Ѓорче Петров“;

Решавање на безбедноста на учениците при преминување на ул. „Прилепска“ со поставување на лежечки полицајци;

Да се воведени автобуска постојка во овој дел од градот за целосно покривање со автобуски градски предвоз.

## МО Елпида Караманди

Ограничување на брзината со поставување легнати полицајци, ослободување на тротоарите од возила и забрана за сообраќај на тешки возила. Спречување на изградба на катни гаражи спротивно на вољата на граѓаните;

Изградба на спортски терени и игралишта за деца;

Осветлување низ целата населба и поединечно чистење на населбата, а посебно зад детската градинка;

Повеќе зеленило и клупи за стари и млади лица;

Изградба на пешачка патека на ул „16-та".

## МО Стив Наумов

Да се асфалтира и означи влезот во населбата. Изградба на тротоари во целата населба;

Изведба на атмосферска канализација во потегот стара населба (Буковски Мост) и да се постави осветлување на улиците: „Панде Илковски", „Крстин Чулаковски", „Апостол Здравевски";

Да се оспособи запоставениот објект кај МЗ „Стив Наумов" за потребите на граѓаните, на пример пошта, аптека, дом за млади, пензионери...

## МО Димче Хаџи Поповски

Асвалтирање и промена на канализација на споредните улици кои излегуваат на улица Прогрес;

Асвалтирање на споредните улички кои излегуваат на улица Бистра;

Изградба на пешачки надвозник на железничката пруга и улица „Железничка" до дворот на училиштето „Коле Канински".

## МО Бошко Најдовски

Асфалтирање на уличките во „Бошко Најдовски" како и изградба на тротоари по главниот пат;

Поставување на легнати полицајци;

Решавање на проблемот со честите прекини на снабдувањето со  струја и вода. Изградба на атмосферска канализација;

Неопходно е именување на улиците;

Изградба на мал објект за потребите на МО како и создавање можности за изградба на локална аптека.

## МО Долно Оризари

Реконструкција на улиците.

## МО Гоце Делчев

Асфалтирање на целосно раскопаните улици низ населбата Стрелиште и осветлување на истите. Изградба на надвозник на влезот од населбата, со што би се зголемила безбедноста при влез и излез;

Настанатата депонија на влезот од нас. Стрелиште да се исчисти и на тоа место да се направи детски парк;

Поставување на автобуска постојка и создавање на услови за отворање на локална аптека;

Обновување и осветлување на ридската патека која ги поврзува населбите Стрелиште и Ушици преку која децата одат на училиште во ОУ „Тодор Ангелевски“.

## МО Горно Оризари

Училиштето да се уреди и да се осветли, да се постави парно греење и изгради спортска сала за учениците. Пешачки премин преку главната улица кон училиштето за учениците на преминот кај мостот покрај реката и кај преминот кај скала од улица „Крсте Нале“;

Асфалтирање на неколку улици и чикмаци во долната населба и санирање на улиците во горните населби. Подобрување на квалитетот на водата како и притисокот на водата, донесување на техничка вода во населбите;

Уредување на стадионот, изградба на помошно игралиште за кошарка и ракомет до стадионот. Уредување на паркингот и јавно зеленило околу стадионот. Подигнување на општински објект за амбуланта, аптека, месни канцеларии, детска градинка и сл;

Средување на речното корито од Раштани до железничка пруга низ цела населба преку речен кеј со потпорни зидови од камен. Извадување на паркчиња кај улиците „Кукуш“ и „Јабланица“

## Карамани

Асфалтирање на 1500 метри од локалните улици;

Изнаоѓање начин за изградба на канализација.

## Крклино

Изградба (асфалтирање) на патот Г.Оризари – Крклино, а со тоа и создавање можност за воведување на градски превоз;

Изградба на училиште (од цврста градба) или да се доврши веќе започнатото;

Изградба на канализациона мрежа која би го опфатила целото место;

Изградба на фудбалско игралиште.

## Логоварди

Промена на водоводната мрежа, односно азбестните цевки;

Спроведување на канализација;

Инфраструктурни проблеми – асфалтирање на патишта, чистење на одводните канали.

## Поешево

Асфалтирање на локалните улици низ целото место;

Утврдување на можностите за изградба на канализација;

Замена на водоводната мрежа кон с.Поешево која поминува под самиот пат и е азбестна;

Изградба на училиште (моментално домот е пренаменет во училиште).

## Трн

Спроведување на канализација;

Да се асфалтираат улиците и да се постави улично осветлување;

Реновирање на училиштето и уредување на просторија за месна заедница;

Општината да реагира во случаите на узурпација на државно земјиште.

## Раштани

Да се асфалтираат улиците и да се постави улично осветлување;

Реновирање на училиштето и уредување на просторија за месна заедница;

Општината да реагира во случаите на узурпација на државно земјиште.

## Бистрица

Изнаоѓање на начин за изградба на канализација;

Асфалтирање на неасфалтираните улици;

Прочистување на водата од селскиот водовод;

Санирање на кривината на патот на излезот кон Кравари.

## Кравари

Реконструкција и обнова на старата сала или изградба на нова спортска сала на веќе постоечкото кошаркарско игралиште;

Изградба на детска градинка на нова локација како и парк со детски реквизити и зелени површини;

Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот кон Грција заради зголемување на безбедноста во сообраќајот;

Континуирано одржување на секундарните собирни одводни канали.

## Лисолај

Реконструкција на улиците;

Чистење на одводните канали;

Обезбедување на тех.вода од Стрежево;

Приклучување кон градскиот водовод;

Проширување на мостот;

Поставување на ограда на училиштето;

## Драгарино

Реконструкција на улицата до црквата;

Изградба на спортско игралиште;

Приклучување кон кукуречанската канализација.

## Граешница

Реконструкција на патот до селото;

Осветлување на улиците.

## Буково

Реконструкција на улиците;

Асфалтирање на патот до манастирот;

Обезбедување на нови контејнери за отпад;

Помош до МЗ при решавање на проблемот со катастарот.

## Црнобуки

Изнаоѓање на решение за обезбедување на нов трансформатор за напојување со ел.енергија;

Преасфалтирање на пристапниот пат;

Враќање под владение на општината на објектот на МЗ;

Асфалтирање на патот од црквата до манастирот;

Оградување на училишниот двор и изградба на детски забавен парк.

## Барешани

Прочистување на водата од регионалниот водовод;

Асфалтирање на улиците;

Реконструкција на патот до манастирот.

## Кукуречани

Ставање во функција на селскиот Дом;

Доизградба на фекалната канализација;

Континуирано чистење на одводните канали;

Реконструкција на улиците и тротоарите;

Реконструкција на постојниот парк со изградба на споменик.

## Брусник

Реконструкција на улиците;

Реконструкција на патот до селото;

Изградба на спортско игралиште.

## Олевени

Реконструкција на улиците;

Обезбедување на чиста вода за пиење;

Осветлување на улиците;

## Братиндол

Изградба на објект за месната заедница и простор за продавница во истиот;

Доизградба на канализацијата;

Обезбедување на чиста вода за пиење;

Санација на училиштето.

## Кременица

Обезбедување на превоз до селото;

Континуирано чистење на каналот;

Асфалтирање на улиците.

## Лера

Проширување на мостот;

Проширување на речното корито;

Решавање на проблемот со селскиот водовод .

## Драгожани

Реконструкција на улиците;

Реконструкција на патот до црквата;

Чистење на одводните канали.

## Лавци

Водоводот преку населбата да продолжи во селото;

Изградба на канализација;

Проширување на патот од Битола кон Лавци.

## Рамна

Реконструкција на мостот на каналот во селото;

Асфалтирање на уличките.

## Лопатица

Изнаоѓање на решение за обезбедување на друг трансформатор за ел.енергија;

Обезбедување на техничка вода за наводнување;

Доасфалтирање на улиците.

## Маловишта

Решавање на проблемот за пристап до манастирот Св.Ана;

Реконструкција на улиците низ селото.

## Нижеполе

Решавање на проблемот со собирање на сметот;

Асфалтирање на улиците.

## Ротино

Реконструкција на патот до селото;

Асфалтирање на улиците низ селото особено до спортското игралиште;

Обезбедување на јавен превоз.

## Горно Српци

Обезбедување на вода за пиење;

Реконструкција на мостот на каналот;

Воспоставување на јавен превоз.

## Цапари

Селскиот водовод да остани под владение на МЗ;

Чистење на патот во зима;

Реконструкција односно проширување на патот кој води кон селото;

Воспоставување на јавен линиски превоз.

## Породин

Обезбедување на услови за активирање на селската амбуланта;

Реконструкција на селските патишта;

Обезбедување на јавен линиски превоз до селото;

Решавање на проблемот со селските диви депонии.

## Трново

Решавање на проблемот со селските диви депонии;

Решавање на проблемот со водоснабдувањето.

## Дихово

Реконструкција на улиците;

Реконструкција на локалниот пат до с.Нижополе.

## Оптичари

Асфалтирање на селските улички;

Улично осветлување.

## Кажани

Обезбедување Јавен линиски превоз.

## Ѓавато

Обезбедување јавен линиски превоз;

Чистење на улиците (зима).

## Доленци

Обезбедување јавен линиски превоз.

## Лажец

Улично осветлување;

Реконструкција на спортското игралиште.

## Жабени

Асфалтирање на селските улички;

Улично осветлување.

## Меџитлија

Асфалтирање на улиците низ селото;

Улично осветлување.

## Кишава

Изградба на патот до селото;

Реконструкција на училиштето.

## Велушина

Тампонирање на улиците;

Улично осветлување.

## Острец

Улично осветлување;

Асфалтирање на улици.

## Канино

Хлоринаторна станица на водоводната мрежа;

Асфалтирање на улици;

Улично осветлување.

## Габалавци

Асфалтирање на улици;

Изградба на автобуска постојка.

## Секирани

Реновирање на училиштето;

Изградба на спортско игралиште во кругот на училиштето.

## Змирнево

Реконструкција на патот кој ги поврзува со Црнобуки.

## Драгош

Изградба на пат до манастирот;

Реконструкција на патот до селото.

***Вака конципираната изборна програма опфаќа долгорочни решенија за граѓаните на Битола, истата е структуирана од граѓаните за граѓаните. Ваквиот приод влева доверба која ќе резултира со победа на локалните избори. Зошто! затоа што идеологијата е замената со граѓанската потреба за подобар и поквалитетен живот.***